## НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 47 став 1 точка 6 и член 71 став 2 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 158/10 и 123/12), Советот на Народната банка на Република Македонија донесе

**О Д Л У К А**
**за дополнување на Одлуката за единствената тарифа на надоместоците за услугите што ги врши Народната банка на Република Македонија**
**(„Службен весник на Република Македонија" бр. 50/13)**

1. Во Одлуката за единствената тарифа на надоместоците за услугите што ги врши Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 100/12), во точка 9, по потточката 9.20 се додава нова потточка 9.21 којашто гласи:

| | | |
|---|---|---|
| „9.21 | Разгледување барање за добивање согласност за вршење микроплаќање | 80.000 денари" |

2. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

**О бр. 02-15/III-6/2013**
**28 март 2013 година**
**Скопје**

**Гувернер**
**и претседавач**
**на Советот на Народната банка**
**на Република Македонија**
**Димитар Богов**

**Образложение**

Потребата за дополнувањето на Одлуката за единствената тарифа на надоместоците за услугите што ги врши Народната банка на Република Македонија произлегува од Законот за дополнување на Законот за платниот промет („Службен весник на Република Македонија" бр. 166/12), со кој се предвиде вршење услуги на микроплаќање од страна на посредници при микроплаќање (телекомуникациски или мрежен оператор или оператор на информациско-технолошки системи). Со Законот е определено дека лицето кое има намера да биде посредник при микроплаќање поднесува барање до Народната банка за добивање согласност за вршење на микроплаќање. Со оглед на тоа што се работи за нова постапка на лиценцирање, потребно е да се определи и тарифа за разгледување на барањата за издавање согласност за вршење микроплаќање. Износот на тарифата соодветствува со износот на тарифата за разгледување барање за добивање претходна согласност за отпочнување со вршење одредена финансиска активност од страна на банките.

---